Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, м-р Мишо Василевски – заменик претседател, Елита Шуки – член и Томо Томовски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „ПУЦКО ПЕТРОЛ“ ДООЕЛ с.Пласница, Пласница, наш број 08-611/1 од 25.09.2018 година, изјавена против Одлуката за поништување на постапката бр.18.1.1-73706/1 од 14.09.2018 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.18-50/2018 за набавка на стоки – екстра лесно 1 (ЕЛ-1) гориво на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, врз основа на член 220 став (1) алинеја 1 и став (3) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, бр.78/2015, 192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016, бр.165/2017 и 83/2018), на 48-та Седница одржана на ден 03.10.2018 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата поднесена од жалителот „ПУЦКО ПЕТРОЛ“ ДООЕЛ с.Пласница, Пласница, изјавена против Одлуката за поништување на постапката бр.18.1.1-73706/1 од 14.09.2018 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.18-50/2018 за набавка на стоки – екстра лесно 1 (ЕЛ-1) гориво на договорниот орган Министерство за внатрешни работи.

**2. СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по предметот бр.08-611/1.

**3. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.08-611/1 по однос на жалбата поднесена од жалителот – „ПУЦКО ПЕТРОЛ“ ДООЕЛ с.Пласница, Пласница, констатира дека со поднесок од 03.10.2018 година доставен од страна на жалителот, истата ја повлекува.

Имено, согласно со член 220 став 1, алинеја 1 од Законот за јавните набавки во постапката за правна заштита, Државната комисија може да ја прекине постапката заради повлекување на жалбата од страна на жалителот.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од ова решение.

**<u>Упатство за правно средство</u>**: Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.08-611/6
03.10.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива,
- „ПУЦКО ПЕТРОЛ“ ДООЕЛ с.Пласница, с.Пласница, Пласница
- Министерство за внатрешни работи, ул. „Димче Мирчев“ бр.9, Скопје